# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Општи одредби

### Член 1

Со овој закон се уредуваат основањето, организацијата, активностите и работењето на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

## Основање

### Член 2

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата) се основа заради обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции и промоција на извозот со што се поттикнува економскиот раст и развој во Република Македонија.

## Правен статус

### Член 3

Агенцијата има својство на правно лице.

Агенцијата е самостојна во својата работа.

Скратен назив на Агенцијата е АСИПИРМ.

Скратениот назив на Агенцијата во меѓународниот промет е "InvestMacedonia".

Седиштето на Агенцијата е во Скопје, а може да има организациони делови во странство, кои немаат својство на правни лица.

## Активности на Агенцијата

### Член 4

Основни активности на Агенцијата се:

1) развивање, на годишна основа, ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на инвестиции за привлекување странски директни инвестиции;

2) развивање, на годишна основа, ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на извозот;

3) развивање на неопходните вештини за ефективно развивање и имплементирање на стратегијата за промоција на инвестиции и извоз за исполнување и надминување на очекувањата на странскиот инвеститор со

диференцирање на Република Македонија од други конкурентни земји преку давање на високо професионални услуги на инвеститорите, во процесот на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање и високо професионални услуги во врска со промоција на извозот;

4) вградување на стратегија за идентификување, во рамките на стратегијата за инвестиционa и извозна промоција, на оние сектори кои претставуваат најдобри перспективи за максимизирање на нето економската добивка за Македонија;

5) обезбедување услуги на инвеститорите и извозниците;

6) дефинирање и поткрепување на клучните маркетинг пораки насочени кон подобрување на имиџот на Република Македонија како локација атрактивна за инвестирање и генерирање на инвестициони можности;

7) професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните добивки кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите и извозниците, во електронски и печатени медиуми;

8) развивање и имплементација на иновативни и поактивни промотивни настапи на целните пазари;

9) воспоставување ефективно партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор за екстензивна промоција на Република Македонија и развивање на база на податоци за целните компании и системи за следење за да се помогне идентификувањето и осигурувањето на инвестирањето;

10) развивање и имплементација на Стратегија за Интернет и информатичка технологија заради целосно искористување на Интернетот како средство за маркетинг и истражување;

11) промовирање на регионите на Република Македонија и искористување на секоја можност за поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија;

12) вршење анализа на условите за инвестирање и извоз и предлагање на измени на законската регулатива во насока на подобрување на климата за инвестирање и извезување;

13) испитување и поттикнување развојни иницијативи како што се стимулирање на порастот на "Greenfield" инвестиции и технолошки индустриски развојни зони, заради зголемување на конкурентноста на Република Македонија како локација за инвестирање;

14) Во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија склучува договор во кој е определена државната помош која се доделува на корисникот на технолошко индустриска развојна зона, согласно со Законот за технолошко индустриски развојни зони и други закони во Република Македонија;

15) Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, склучува договор во кој е определена државната помош која се доделува на корисникот на зоната, согласно Законот за технолошко индустриска развојна зона, за кој договор Владата на Република Македонија дава претходна согласност;

16) Агенцијата до Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони доставува информација за доделената државна помош во технолошко индустриски развојни зони, за изминатата година, во согласност со Законот за технолошко индустриски развојни зони и други закони во Република Македонија. Давателите на државна помош се должни согласно Законот за

технолошко индустриски развојни зони, секоја година до 28 февруари да доставуваат на Агенцијата информации за доделената државна помош во технолошко индустриските развојни зони, за изминатата година;

17) давање информативно - советодавни услуги на извозниците од Република Македонија во врска со надворешната трговија, извозните процедури, царини, даноци и законска регулатива како и асистенција во обезбедување на сите административни лиценци и дозволи;

18) асистирање и поддршка на извозниците од Република Македонија во изнаоѓање на странски деловни партнери како и пристап на меѓународни пазари (истражување, селекција, преговорање и асистенција во склучување на договори);

19) вршење на активности за промоција на извозот во земјата и странство и поврзување на македонските извозници со странските купувачи;

20) давање информативно - советодавни услуги на странски компании за извозните потенцијали во Република Македонија;

21) организирање, учество и поддршка на меѓународни саемски манифестации, семинари и деловни настани за македонските извозници;

22) вршење на маркетинг истражувања за пристап на странски пазари како и фокусирани студии;

23) подготвување, промовирање и презентирање на извозните потенцијали на Република Македонија во странство;

24) поддршка на трговски мисии и делегации во земјата и странство;

25) обезбедување размена на информации помеѓу амбасадите, дипломатско-конзуларните претставништва на РМ и стопанствениците, за испитување на пазарот и регулативата, и

26) врши и други работи во согласност со закон и Статутот.

## Принципи на работење на Агенцијата

## Член 5

Работењето на Агенцијата се заснова на следниве принципи:

1) стручност,
2) професионалност,
3) транспарентност и
4) одговорност за работењето и постигнатите резултати.

## Средства за основање и вршење на дејноста

## Член 6

Средства за основање и за вршење на работите во Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, од донации и други извори согласно со закон.

## Органи на Агенцијата

### Член 7

Органи на Агенцијата се Управниот одбор и директорот.

## Управен одбор

### Член 8

Со Агенцијата управува Управен одбор на Агенцијата, кој се состои од седум члена.

Членовите на Управниот одбор на Агенцијата ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Четворица членови на Управниот одбор се именуваат од претставници од Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, од редот на раководните државни службеници. Двајца членови се именуваат од приватниот сектор од редот на признати и угледни експерти од областа на утврдените приоритетни сектори од страна на Агенцијата. Еден член се именува од редот на стопанските комори во Република Македонија.

Мандатот на членовите на Управниот одбор од редот на претставниците од Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски и на претставниците од приватниот сектор трае четири години, со можност за повторен избор. Мандатот на членот на Управниот одбор од редот на стопанските комори во Република Македонија е на ротирачка основа по предлог на коморите, со времетраење од една година.

Членовите на Управниот одбор избираат претседател на Управниот одбор, на првата седница.

## Надлежност на Управниот одбор

### Член 9

Управниот одбор на Агенцијата ги има следниве надлежности:

1) донесува статут на Агенцијата;

2) усвојува годишна програма за работа, годишен финансиски план, на Агенцијата најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година;

4) ја информира Владата на Република Македонија за сите постоечки административни и законски пречки за инвестирањето и извозот и предлага мерки за нивно отстранување;

5) му помага на директорот на Агенцијата со давање на мислење и предлози за имплементација на планот за работа и овозможување пристап кон деловни асоцијации и здруженија;

6) ги утврдува критериумите за располагање и употребата на средствата остварени со работењето на Агенцијата;

7) ги одобрува нормативните акти кои ги носи и потпишува Директорот на Агенцијата;

9) ги донесува општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата;

10) ги разгледува и одобрува извештаите за активностите на Агенцијата;

11) донесува детален годишен извештај за работата на Агенцијата и финансиска завршна сметка најдоцна до 28 февруари во тековната година за изминатата година;

12) одлучува во втор степен по приговорите и другите правни лекови изјавени против поединечните акти за вработените од областа на работните односи донесени од Директорот на Агенцијата во прв степен, и

13) врши и други активности согласно со закон и Статутот.

## Директор на Агенцијата

### Член 10

1) Со работењето на Агенцијата раководи директор.

2) Директорот на Агенцијата го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

3) Директорот се именува со мандат во траење од четири години со можност за повторен избор.

### Член 11

Директорот на Агенцијата ги врши следниве работи:

1. Ја претставува и застапува Агенцијата;
2. Ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата;
3. Предлага стратегија и акциони планови до Управниот одбор на Агенцијата;
4. Ги имплементира одлуките на Управниот одбор;
5. Се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства;
6. Врши усогласување на деловните активности на Агенцијата;
7. Изготвува годишна програма за работа и годишен финансиски план за потребните средства и нивните извори;
8. Ги предлага и извршува општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата;
9. Донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи и одлучува во прв степен за правата и обврските на вработените во Агенцијата по основ на работен однос;
10. Организира и обезбедува подготвување на нацртите и предлозите на општите акти и извештаите што ги донесува Управниот Одбор на Агенцијата;
11. Обезбедува транспарентност во работата на Агенцијата;
12. Ги свикува седниците на Управниот Одбор на Агенцијата и на неговите работни тела;
13. Склучува договори во рамките на овластувањата утврдени со овој и други закони и статутот на Агенцијата;
14. Именува лица на работни места со посебни овластувања и одговорности; и

15. Одлучува и за други прашања утврдени со овој и други закони и статутот на Агенцијата.

Член 12

Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата ги вршат стручните служби на Агенцијата.

За остварување на активностите од членот 4 на овој закон Агенцијата може, врз основа на договор, да користи услуги на специјализирани организации и физички лица од земјата и странство.

Статут на Агенцијата

Член 13

Агенцијата има Статут со кој особено се регулира:

1) активностите и надлежностите на Агенцијата;

2) начинот на извршување на активностите во делокругот на Агенцијата;

3) правата, надлежностите и одговорностите на вработените;

4) внатрешна, регионална и можна меѓународна организација на Агенцијата, и

5) друго.

Член 14

Агенцијата донесува Статут, годишна програма за работа и годишен финансиски план за кои согласност дава Владата на Република Македонија.

Доставување извештаи

Член 15

Агенцијата до Владата на Република Македонија доставува, најмалку два пати годишно, извештаи за своето работење и користење на средствата, на усвојување.

Преодни и завршни одредби

Член 16

(1) Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија основана со Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/2004 и 81/2008), продолжува со работа како Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија со надлежностите утврдени во овој закон.

(2) Директорот на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија со денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата како директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија до истекот на мандатот за кој бил именуван пред влегувањето во сила на овој закон.

(3) Владата на Република Македонија во рок од десет дена од денот од отпочнувањето на примената на овој закон ќе ги именува членовите на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија согласно со овој закон.

(4) Претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија продолжуваат да ја вршат функцијата на членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија до именувањето на новиот Управен одбор согласно став 3 од овој член.

(5) Работниот однос на вработените во Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија со денот на отпочнувањето на примената на овој закон им продолжува како работен однос во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

Донесување на поблиски прописи

Член 17

(1) Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото именување ќе го усогласи Статутот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија согласно со овој закон.

(2) Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија во рок од 60 дена од денот на отпочнувањето со примената на овој закон ќе ги донесе подзаконските акти, предвидени во овој закон.

Член 18

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/2004 и 81/2008).

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува шест месеци од неговото влегување во сила.